**ЈАВЕН ПОВИК**

за вклучување на месните заедници од охридско-струшкиот регион
во голема акција за чистење на крајбрежјето на 21 јуни 2015 г.

Почитувани,

Активистите на граѓанската иницијатива Охрид SOS ве повикуваат на заедничка акција за чистење на охридското крајбрежје на 21 јуни 2015 г. – првиот ден од летото и Денот на езерото.

Нашите волонтери ќе чистат во реонот на Студенчишко Блато, но сметаме дека сите плажи кои се користат во текот на летната туристичка сезона треба да бидат цел на оваа акција. Од таа причина ги каниме локалните месни заедници да ни се приклучат така што ќе ги активираат своите жители за чистење на плажите во своите заедници. Ајде заеднички да покажеме дека сме освестени за природата што нѐ опкружува, дека сме свесни за огромната одговорност, дека вистински се грижиме за нашето светски признато природно и културно наследство и дека ни е важно какво ќе им го оставиме на наредните генерации.

Засега е единствено потврдено вклучувањето на МЗ Лагадин, каде што освен што ќе се чистат локалните плажи, ќе има и мала изложба на уметнички дела со природата на Охрид и езерото како инспирација.

Ги молиме сите заинтересирани месни заедници да нѐ контактираат на телефонските броеви 078 369 445 и 078 272 664. Ве очекуваме во што поголем број.

Да запомниме – ние не ѝ требаме на природата, таа ни треба нам!

Со почит,
Активисти на граѓанска иницијатива „Охрид SOS“